24.10.2017г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Радио МОФ за текстот насловен „Итно предупредување! Не користете ваков Парацетамол“, објавен на интернет порталот „Ексклузив.мк“**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 октомври 2017 година, Радио МОФ поднесе жалба за текстот со наслов „Итно предупредување! Не користете ваков Парацетамол", објавен на 28 септември 2017, на интернет порталот „Ексклузив.мк" (Exclusive.mk).

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Ексклузив.мк" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од медиумот одговорија дека веста се ширела вирално на FACEBOOK и на останатите медиуми и дека изгледала веродостојно. Од интернет порталот наведоа и дека во меѓувреме го отстраниле текстот од нивната страница.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 19.10.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата најде дека интернет порталот „Ексклузив.мк", без воопшто да ја провери информацијата, преку сензационалистички наслов предизвикал дезинформирање на јавноста и со тоа неосновани стравови кај своите читатели. Со тоа, медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој особено се издвојува насловот и воведниот дел од текстот:

***„Итно предупредување – Бидете внимателни да не го земате Парацетамол, кој доаѓа со P/500. Тоа е нов, многу бел и сјаен парацетамол, лекарите советуваат дека содржи „Machupo" вирус, кој се смета за еден од најопсните вируси во светот со висока смртоносна стапка".***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Комисијата заклучи дека, и покрај тоа што медиумот подоцна ја отстранил информацијата, тоа не ја намалува неговата одговорност, особено во случаи кога веста може да ја дезинформира и да ја доведе јавноста во заблуда.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Се обврзува интернет порталот „Ексклузив.мк“ (www.exclusive.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595